РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2909/3
21.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 11.07.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Димитар Тануров, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:15 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.07.2025 година.
2. Предлог за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга.
3. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од Виктор Павловски, го усвои Записникот од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.07.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга. Тој објасни дека секој радиодифузер е должен да плаќа годишен надоместок за радио и телевизиско емитување, во рок утврден со ЗААВМУ. Радиото ЈОН-РАДИО, како радиодифузер со дозвола за национално покривање, има обврска да уплати годишен надоместок во износ од 885.315,00 денари. По издавање на фактурата, плаќањето мора да се изврши во рок од 30 дена. Поради неплаќање на надоместокот во предвидениот рок, Советот на Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата. Во текот на постапката, радиодифузерот ја извести Агенцијата дека по барање на извршител од Струга, му е блокирана сметката поради наводен долг кон Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, иако, според радиодифузерот, долгот не постои. Бидејќи радиодифузерот изразил подготвеност да ја подмири обврската, но согласно Законот за финансиска дисциплина не е дозволено плаќање од друга сметка, правно или физичко лице, во услови на блокирана сметка, тој побара да се запре постапката за одземање на дозволата, сè додека не се реши проблемот со извршителот. Во меѓувреме, радиодифузерот поднел приговор до надлежниот суд во Струга. Советот на Агенцијата, земајќи го предвид барањето, привремено ја стопирал постапката и двапати се обратил до Основниот суд во Струга, но не добил одговор на испратените дописи. Во текот на вчерашниот ден, радиодифузерот го известил Советот дека проблемот со извршителот и со Македонска радиодифузија е надминат и дека сумата од 885.315,00 денари е во целост уплатена. Имајќи ги предвид овие околности, г-дин Трајчевски предложи Советот да донесе Одлука за запирање на започнатата постапка за одземање на дозволата. При донесувањето на оваа Одлука, беше потенцирано дека постоењето и функционирањето на ЈОН Радио како радио со дозвола на национално ниво има особено значење за медиумскиот плурализам во државата, бидејќи претставува единствено радио на национално ниво што претежно емитува програма на албански јазик.

Г-дин Џуровски постави прашање дали во случајот со Радио ЈОН – Струга е прекршен Законот поради непочитување на роковите или поради околностите поврзани со извршителот?

Г-дин Трајчевски објасни дека согласно Законот за општа управна постапка, кога одлуката на еден државен орган зависи од постапување на друг надлежен орган, постапката може да се стопира додека не се добие соодветна одлука или акт од тој орган. Во конкретниот случај, Агенцијата ја стопирала постапката очекувајќи одлука или правен акт од Основниот суд во Струга. Иако судот не одговорил на двата дописи испратени од Агенцијата, радиодифузерот самостојно го надминал проблемот со извршителот и ја извршил уплатата, со што причината за стопирањето отпаднала. Г-дин Трајчевски додаде дека во случаи кога постои поврзаност со друг надлежен орган,

Законот дозволува продолжување на роковите. Доколку таква поврзаност не постоела, роковите не би можеле да се продолжат и постапката ќе мораше да продолжи согласно редовната законска процедура.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023г., прекината со Решение, Уп1 бр.08-162 од 02.06.2025г., поради тоа што радиодифузерот изврши уплата на годишниот надоместок за дозволата за радио емитување.

Согласно Известувањето бр.05-2090/2 од 09.07.2025г., доставено од Секторот за финансии и логистика, ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, на 09.07.2025г., извршил целосна уплата во износ од 885.315,00 (осумстотини осумдесет и пет илјади и триста и петнаесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување, за периодот од 03.04.2025г. заклучно со 02.04.2026г., со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**